| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патуваме со авион |
| **Содржина на денот** | Ајде да броиме |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Организирана игра, одговорност и грижа за хигиената на играчките во домот. |
| **Активности** | Игра-Ајде да бориме<br>Возрасниот и детето ги користат вообичаените активности во домот во функција и развој на математичко мислење и делување.<br>Се започнува со играта каде детето и возрасниот заедно ги бројат во домот предметите,играчките и останатите работи кои се во него. Потоа возрасниот бара од детето да ги подели истите кои се наоѓаа на подот, кои од нив во витрината, а пак кои од играчките се во одредените кутии на своето место. Детето ја продолжува играта набројува се што забележува околу него, а возрасниот го мотивира да ги извади играчките од кутиите и ги брои. Броејќи ги детето ги подредува на подот и се потикнува да каже какви се по  боја. Возрасниот ги одвојува коцките кои се со трите основни бои и бара од детето да ги именува боите жолта, црвена и сина. Во текот на играта детето кажува колку се на број жолтите коцки,колку црвените и колку на број се сините коцки. Откако детето ќе ја заврши играта , играчките што се валкани и биле на подот возрасниот му прелага да ги измијат и дезинфицираат во посебна корпа. |